**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1336/28
Датум: 19.8.2026 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник 457/2019), и член 10 од Одлуката за Правилата на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за електротехника и информациски технологии – Скопје (Универзитетски гласник бр. 540/2021), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 19.8.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. На сите студенти запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во **прва година** во учебната **2026/2027** година им се дава стипендија во висина од надоместок на партиципацијата во износ од 200 евра, во денарска противвредност, кои како ученици:

- во текот на своето средно образование освоиле прво место/награда на акредитирани државни натпревари по некои од следниве предмети: математика, физика, информатика, електротехника, автоматика или од други области што се негуваат на Факултетот;
- во текот на своето средно образование освоиле прва, втора или трета награда на меѓународни олимпијади на знаења, балкански или светски првенства по некои од следниве предмети: математика, физика или информатика.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при уписот да приложат оргинал документ за освоеното место на соодветниот натпревар.

3. На секој корисник на стипендијата утврдена со оваа одлука му се издава посебно решение. Примерок од решението се чува и во досието на студентот.

4. Одлуката да се достави до: Одделението за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата на Факултетот, ННС, продеканот за настава и архивата на Факултетот.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски